Триглав Осигурување Живот АД
Бул. 3-та Македонска бригада бр.36
1000 Скопје

triglav

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РИЗИКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ОСИГУРЕНИКОТ

УС-Ж-РЗО 26-06

Член 1

ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот (во натамошниот текст: општи услови) се составен дел на договорот за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот (во натамошниот текст: Договор за осигурување) кој е склучен помеѓу Договорувачот (во натамошниот текст: Договорувач) и Триглав Осигурување Живот АД, Скопје (во натамошниот текст: Осигурувач).

(2) Изразите кои се наведени во овие општи услови ги имаат следните значења:

- Осигурувач е Триглав Осигурување Живот АД, Скопје;
- Понуда е предлог за склучување на договор за осигурување и се поднесува во писмена форма на образец од осигурувачот.
- Понудувач е лице кои има намера да склучи договор за осигурување и за таа цел поднесува писмена понуда до осигурувачот.
-Договорувач е физичко или правно лице кое склучува договор за осигурување со осигурувачот;
-Корисник на осигурување е лице во чија корист се склучува осигурувањето и на кое му се исплаќа договорената осигурена сума.
-Осигуреник е лице на кое се однесува осигурувањето и од чија смрт зависи исплатата на осигурената сума.
-Договорена осигурена сума (во натамошниот текст: осигурена сума) е сума определена со договорот за осигурување која осигурувачот е должен да ја исплати кога ќе настане осигуреният случај.
- Полиса е исправа за склучен договор за осигурување.
- Премија е износ кој договорувачот е должен да му го плати на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување.
-Математичка резерва е вид на техничка резерва која се пресметува и издвојува за подмирување на идните обврски по однос на долгорочните договори за осигурување живот.

(3) Ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот може да се склучи со или без лекарски преглед и осигуреник може да биде само едно лице.

(4) Со договорот за осигурување се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорувачот, осигуреникот, корисникот и осигурувачот. Составни делови на договорот за осигурување се: понудата заедно со дополнувањата и изјавите, писмените изјави на договорувачот, осигуреникот и осигурувачот, полисата, овие услови, посебните услови за дополнително осигурување, здравствениот прашалник, како и други прилози и дополнувања кон полисата, во писмена форма.

(5) Со договорот склучен во согласност со овие услови, договорувачот се обврзува да плаќа премија во договорените рокови, а осигурувачот се обврзува на корисникот на осигурување да му ја исплати осигурената сума во согласност со одредбите на овие услови. Согласно овие услови осигурувањето се склучува само во случај на смрт.

(6) Сите понуди, изјави, барања и измени од која било договорна страна мораат да бидат дадени во писмена форма.

(6) Согласно овие услови може да се осигурат здрави лица со наполнети 18 (осумнаесет) години и тоа од првиот ден во месецот кој следи по месецот во кој осигуреникот се стекнал со правото на осигурување на животот, па сè до завршување на календарската година во која осигуреникот ќе наврши 65 години. Осигурувањето завршува во календарската година во која осигуреникот ќе наврши 75 години старост. Ништовно е осигурувањето во случај на смрт на лице помладо од 14 години, како и на лице целосно лишено од деловната способност.

(7) Осигурувачот може да побара дополнителна документација (вклучително, но не ограничувајќи се на документите за идентификација на осигуреникот и негови изјави), а договорувачот е должен да му помогне при обезбедувањето на документацијата, како би можел осигурувачот да ги исполни своите обврски во однос на прописите за спречување перење пари и финансирање тероризам.

(8) Името на застапникот во осигурувањето, називот на друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурително брокерското друштво, доколку договорот за осигурување е склучен преку застапник, друштво за застапување односно осигурително брокерско друштво е наведено на понудата за осигурување на живот.

(9) Сите договори важат само ако се договорени писмено и ако при склучувањето, односно при промената на осигурувањето, е извршена лична идентификација. Сите изјави кои осигурувачот или договорувачот ги поднесуваат еден на друг важат од моментот, односно денот на прием. Ако се праќаат по пошта, како ден на прием се смета денот кога препорачаното писмо било предадено во пошта. Сите промени кои за последица

имаат промена на обврската на осигурувачот започнуваат да важат од првиот ден на следниот месец по приемот на барањето.

(10) Осигурувачот може за договорите склучени со комуникациски средства да одреди осигурувањето да биде склучено со самото плаќање на премијата.

Член 2

ПОНУДА

(1) Договор за осигурување се склучува врз основа на писмена понуда. Понудата за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот се поднесува во писмена форма на образец на осигурувачот кој е составен и неразделен дел на договорот и кој ги содржи суштинските елементи на договорот за осигурување.

(2) Понудата мора да се пополни целосно, вистински и точно и во неа мора да се наведат сите факти значајни за преземањето на ризикот и за склучувањето на договорот за осигурување.

(3) Осигурувачот има право, по прием на понудата, да побара и дополнителни податоци, односно да побара потребни информации за склучување на договор за осигурување, вклучително и медицински преглед на осигурениците.

(4) Понудата за склучување на Договор за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот, која е поднесена до осигурувачот, го обврзува осигурувачот да му одговори на понудувачот во рок од 8 дена од денот кога ја примил понудата, а ако е потребен лекарски преглед, во рок од триесет дена. Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од условите според кои тој го врши предложеното осигурување, се смета дека понудата е прифатена и дека Договорот е склучен оној ден кога понудата пристигнала кај осигурувачот.

(5) Понудата е составен дел на Договорот за осигурување и таа мора да биде потпишана од двете страни. Ако договорувачот и осигуреникот не се исто лице, за важност на Договорот, на понудата е потребен и потпис на осигуреникот, а со потпишување на понудата се смета дека осигуреникот се согласил со склучување на договорот за осигурување под условите наведени во понудата. Ако осигуреникот е малолетно лице, понудата треба да ја потпише неговиот законски застапник

(6) Осигурувачот го задржува правото да ја одбие понудата за склучување на договор за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот со наведување на причината за одбивање на понудата, а понудата со приложени документи, освен предадените во оригинал, не се враќаат на договорувачот.

Член 3

ПОЛИСА

(1) Полисата за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот е доказ за склучен договор за осигурување.

(2) Осигурувачот ја издава полисата во еден примерок, според податоците од понудата. Во полисата мораат да бидат наведени следните податоци: назив на осигурувачот, име и презиме или назив на договорувачот, име и презиме на осигуреникот и датум на раѓање, осигурени опасности, почеток и времетраење на осигурувањето, осигурена сума во случај на смрт, премија за осигурување, датум на изработка на полисата, корисник во случај на смрт, потпис на овластено лице од осигурувачот, општите и посебни услови на осигурување кои се составен и неразделен дел на договорот за осигурување. Полисата мора да содржи констатација дека договорувачот на осигурувањето е запознат со општите и посебни услови кои претставуваат составен дел на договорот и дека текстот на истите му е предаден на Договорувачот на осигурувањето. Ако полисата суштински се разликува од понудата и другите писмени изјави на договорувачот, тој може писмено да достави приговор во рок од еден месец од приемот на полисата. Ако тоа не го стори, содржината на полисата важи.

(3) Покрај осигурувањето на животот по овие општи услови, може да се договорат и дополнителни осигурувања според посебните услови на осигурувачот. Доколку за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот се договори и дополнително осигурување, составен дел на Договорот се и посебните услови за осигурување за дополнителното осигурување.

Член 4

ПОЧЕТОК И ИСТЕК НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Времетраењето на договорот за осигурувањето може да биде од 1 (една) година до 20 (дваесет) години.

(2) Осигурувањето започнува секогаш во 00:00 часот, првиот ден од месецот кој следи по месецот на склучување на договорот, доколку поинаку не е договорено. Денот, месецот и годината на почеток и истекување на осигурувањето се наведени во понудата и полисата. Обврската на осигурувачот започнува од денот кој е наведен како почеток на осигурувањето, ако дотогаш е уплатена првата премија или првата рата, односно еднократната премија. Ако премијата или првата рата не се исплатени до почетокот на осигурувањето или во договорениот рок, обврските на осигурувачот започнуваат во 24:00 на денот кога премијата или првата рата се во целост уплатени, но не пред почетокот на осигурувањето, под услов да не се влошила здравствената состојба на осигуреникот од денот на потпишувањето на понудата.

(3) Договорувачот има право во рок од 30 (триесет) дена од приемот на известувањето за склучување на Договорот и полисата за осигурување да отстапи од Договорот за осигурување. Отстапувањето мора да биде писмено и поднесено до осигурувачот до истекот на рокот, при што се смета дека е поднесено во рок ако е предадено препорачано во пошта до крајниот рок. Осигурувачот има право да ги пресмета фактичките трошоци поврзани со отстапувањето од Договорот, и тоа во висина одредена во важечкиот ценовник на денот на склучувањето на Договорот, а има право и на враќање на трошоците за преглед на осигуреникот, кои осигурувачот ѝ ги платил на здравствената установа по цена важечка на денот на извршувањето на прегледот

Осигурувањето на животот престанува да важи:

- кога ќе настапи смрт на осигуреникот;
- кога не е платена премија согласно роковите од овие општи услови;
- со истек на календарската година во која осигуреникот навршил 75 години од животот;
- во рокот определен во полисата како истек на договорот за осигурување.

(4) Договорот за ризико осигурување на животот во случај на смрт на осигуреникот не се обновува автоматски.

Член 5

ДОГОВАРАЊЕ НА ОСИГУРЕНАТА СУМА И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Премијата за осигурување, како и висината на осигурената сума ја утврдуваат осигурувачот и договорувачот врз основа на податоците од понудата и соодветните тарифи кои се на сила, возраст на осигуреникот, пол и период на осигурување, односно период на плаќање на премија.

(2) При зголемен ризик можат да се договорат дополнителни премии.

(3) Осигурувањето може да се склучи на тој начин што премијата ќе се плаќа на рати или во еднократен износ при склучување на осигурувањето. Договорената премија се плаќа месечно однапред, на први во месецот кој доспева за наплата. Договорувачот и осигурувачот може да договорат и друга динамика на плаќање на премијата. Осигурувачот има право на премија до крајот на месецот во кој настапил осигурениот случај. Ако договорувачот доцни со плаќање на една или повеќе премии, со плаќањето на премијата најпрво се подмируваат премиите достасани за наплата. За неплатените премии осигурувачот има право на законска затезна камата.

(4) Премијата на осигурувањето и осигурената сума се договараат во ЕВРА или денари. Премијата по правило се плаќа во денарска противвредност. Премијата се плаќа во полн износ без намалување на трошоците за платен промет.

(5) Премијата може да се плати во банка или пошта. Ако премијата се плаќа во банка или пошта, се смета дека премијата е платена на осигурувачот во 24:00 часот оној ден кога во банката или поштата е потврдено плаќањето. Договорувачот е должен да ја плаќа премијата во договорените рокови и на договорениот начин, а осигурувачот е должен да ја прими премијата од секое лице кое има правен интерес за плаќање на премијата.

(6) Осигурувачот има право при исплата од осигурената сума да ја одбие целата дотогашна доспеана неплатена премија по полисата и затезна камата, како и неплатената премија по полиса за годината во која настанал осигуреniот случај.

(7) Осигурувачот нема право да бара плаќање на премијата по судски пат.

Член 6

ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Ако договорувачот не ја плати премијата 5 (пет) месеци по доспевањето, осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати доспеаната премија во рок од 30 (триесет) дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.

(2) Ако во рокот утврден со препорачаното писмо од став 1 на овој член, договорувачот не ја плати доспеаната премија, ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може со изјава да го раскине договорот.

(3) Како исклучок, ако осигуреникот почине пред истекот на 6 (шест) месеци од уплатата на последната премија, осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно одредбите од член 7 на овие општи услови, намалена за неплатената премија по полисата за осигурителната година во која настапила смрт на осигуреникот.

Член 7

ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) Со договорот за осигурување, осигурувачот се обврзува:

а) да му исплати на корисникот на осигурување половина осигурена сума, доколку смртта на осигуреникот настапи во текот на првите 6 (шест) месеци од траењето на осигурувањето, освен во следните случаи во кои ќе ја исплати целата осигурена сума:

-ако осигурувањето е склучено со лекарски преглед;

-во случај на смрт на осигуреникот од последици од несреќен случај, бременост или породување;

-при новото осигурување, склучено без лекарски преглед со почеток најдоцна 30 дена по истекот на претходниот договор за осигурување склучен кај осигурувачот.

б) цела осигурена сума, доколку смртта на осигуреникот настапи по 6 (шест) месеци од почетокот на траење на осигурувањето.

(2) Во случај осигуреникот да го доживее договорениот период на траење на осигурувањето, осигурувачот е ослободен од сите обврски.

(3) Осигурувачот ја исплаќа осигурената сума или нејзин дел на корисникот наведен во полисата за осигурување.

(4) Согласно овие Услови, осигурувачот нема други обврски за исплата на договорувачот, односно корисникот.

Член 8

ОГРАНИЧУВАЊЕ И ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) Со договорот за осигурување не е опфатен ризикот од самоубиство на осигуреникот, ако тоа се случило во првата година од осигурувањето. Во случај самоубиството да се случило во рок од три години од денот на склучувањето на договорот, осигурувачот не е должен да му ја исплати осигурената сума на корисникот, туку само математичката резерва од договорот.

(2) Осигурувачот е ослободен од обврската да му ја исплати на корисникот осигурената сума, ако тој намерно предизвикал смрт на осигуреникот, но е должен ако дотогаш биле уплатени најмалку три годишни премии, да плати математичка резерва од договорот на договорувач на осигурувањето, а ако е тој осигуреник, на неговите наследници.

(3) Осигурувачот е ослободен од обврската од договорот за осигурување за несреќен случај, ако осигуреникот намерно го предизвикал несреќниот случај.

(4) Ако смртта на осигуреникот е причинета со воени операции, осигурувачот, ако нешто друго не е договорено, не е должен да му ја исплати на корисникот осигурената сума, но е должен да му ја исплати математичката резерва од договорот. Ако не е договорено нешто друго, осигурувачот се ослободува од обврската од договорот за осигурување од несреќен случај ако несреќниот случај е причинет со воени операции.

(5) Во секој случај, осигурувачот не е обврзан да ја исплати осигурената сума туку само до тогаш насобраната математичка резерва, ако смртта на осигуреникот настапила поради:

1. Земјотрес;
2. Воени или слични дејствија, саботажа, терористички активности, инциденти, револуции, без оглед на тоа дали осигуреникот учествувал во нив;
3. Поради активно учество во вооружени акции, освен ако во нив осигуреникот учествувал при извршување на

своите работни задачи или на повик на овластените тела во државата;

4. Поради поплава;

5. Извршување на смртна казна;

6. Како последица на директна или индиректна последица од атомска катастрофа;

7. При управување со летала и летачки направи од сите видови, пловни објекти, моторни возила кои не се регистрирани или се управувани без пропишана важечка дозвола за управување со видот и типот на леталото, пловниот објект, моторното и друго возило. Се смета дека осигуреникот има пропишана возачка дозвола кога поради припрема и при полагање на испитот за добивање службена дозвола, вози под непосреден надзор на лице кое според постојните прописи може да обучува;

8. Поради подготвување, обид или извршување на казнено дело, како и при бегство после тоа;

9. Кога осигуреникот учествувал во физичка пресметка, освен во случаите на докажана самоодбрана;

10. При управување на моторно возило во спротивност со одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

11. Поради дејство на алкохол, опојни или психотропни супстанци на осигуреникот во моментот на несреќниот случај. Се смета дека несреќниот случај настанал поради дејство на алкохол, опојни или други наркотици на осигуреникот:

- Ако како возач на моторното возило при несреќниот случај во крвта имал повеќе од 10,8 мил на мол (0,5‰) алкохол или повеќе од 21,6 мил на мол (1‰) алкохол при другите несреќни случаи;
- Ако алкотестот е позитивен, а осигуреникот не се погрижи со анализа на крвта детално да се утврди степенот на алкохол во крвта;
- Ако одбие или ја избегне можноста за утврдување на степенот на неговата алкохолизираност;
- Ако како сопатник во крвта имал повеќе од 10,8 мил на мол (0,5‰) алкохол или повеќе од 21,6 мил на мол (1‰) алкохол и таквата состојба имала причинска врска со настанокот на осигуриниот случај;

Се смета дека несреќниот случај настанал поради дејство на опојни или други наркотици на осигуреникот:

- Ако со стручен преглед се утврди дека искажува знаци на растроеност поради уживање на опојни или други наркотици;
- Ако одбие или ја избегне можноста за утврдување на присуството на опојни и други наркотици во неговиот организам;
- Доколку е потребно да се утврди причинско-последична врска во поглед на настанување на несреќниот случај поради дејство на алкохол, опојни или други наркотици кај осигуреникот, осигуреникот е должен да докаже дека не постои негова одговорност за настанување на несреќниот случај, а во спротивно ќе се смета дека одговорноста е негова, со што е исклучена обврската на осигурувачот;

12. Како последица на нелегално извршување на работи од страна на осигуреникот кој не бил пријавен во задолжително социјално осигурување;

13. Како непридржување на осигуреникот кон предвидените мерки за безбедност и правила на користење на соодветна заштитна опрема при извршување на работните задачи на работното место, утврдени во постојните прописи.

Член 9

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРУВАЧОТ И ПОСЛЕДИЦИ ОД НИВНОТО НЕИСПОЛНУВАЊЕ

„ [1] Договорувачот при склучувањето на Договорот е должен на осигурувачот да му ги пријави сите околности кои се од значење за оценувањето на ризикот и кои му се познати или не можеле да му останат непознати. За важни се сметаат особено оние околности за кои осигурувачот писмено прашал во понудата, здравствениот прашалник и останатата документација која претставува составен дел на Договорот.

[2] Ако договорувачот на осигурувањето намерно направил неточна пријава, или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачот не би склучил договор ако знаел за вистинската состојба на работите и околностите, осигурувачот може да бара поништување на договорот.

[3] Во случај на поништување на договорот од причините наведени во став (2) од овој член, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за периодот на осигурувањето во кој побарал поништување на договорот.

[4] Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот, во случај на намерна неточна пријава или премолчување, престанува ако тој во рок од 3 (три) месеци од денот на дознавањето за неточноста на пријавата или за премолчувањето не му изјави на договорувачот или корисникот на осигурувањето дека има намера да го користи тоа право.

[5] Ако договорувачот на осигурувањето направил неточна пријава, или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може, по свој избор, во рок од еден месец од дознавањето за неточноста или нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.

[6] Договорот, во случај на ненамерна неточност или нецелосност на пријавата, престанува по истекот на 14 дена од кога осигурувачот својата изјава за раскинување му ја соопштил на договорувачот на осигурувањето, а во случај на предлог од осигурувачот премијата да се зголеми, раскинувањето настапува според самиот закон ако договорувачот на осигурувањето не го прифати предлогот во рок од 14 дена од кога го примил.

[7] Во случај на раскинување, поради ненамерна неточност или нецелосност на пријавата, осигурувачот е должен да го врати делот од премијата што отпаѓа на времето до крајот на периодот на осигурувањето.

[8] Ако осигуриниот случај настанал пред да е утврдена неточноста или нецелосноста на пријавата или по тоа но пред раскинувањето на договорот, односно пред постигнувањето на спогодба за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер меѓу стапката на платените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик.

[9] Одредбите од овој член за последиците од неточната пријава или премолчувањето на околностите од значење за оцена на ризикот се применуваат и во случаи на осигурувања склучени од името и за сметка на друг, или во корист на трет или за туѓа сметка, или за сметка на оној на кого се однесува, ако овие лица знаеле за неточноста на пријавата или за премолчувањето на околностите од значење за оценатa на ризикот.

[10] Договорувачот има обврска на осигурувачот да му даде точни и вистинити податоци за староста на осигуреникот. За неточна пријава на староста во договорите за осигурување на живот важат следниве правила:

-договорот за осигурување на живот е ништовен и осигурувачот е должен во секој случај да ги врати сите примени премии, ако при неговото склучување неточно е пријавена староста на осигуреникот, а неговата вистинска граница ја преминува границата на староста до која осигурувачот, според своите услови и тарифи, врши осигурување на живот;

- ако е неточно пријавено дека осигуреникот има помалку години, а неговата вистинска старост не ја преминува границата до која осигурувачот врши осигурување на живот, договорот е полноважен, а осигурената сума се намалува во сразмер со договорената премија и со премијата предвидена за осигурување на живот на лицата кои се на возраст како осигуреникот и
- кога осигуреникот има помалку години отколку што е пријавено при склучувањето на договорот, премијата се намалува на соодветен износ, а осигурувачот е должен да ја врати разликата меѓу премиите примени и премиите на кои има право.

[11] Договарачот на осигурувањето како и самиот осигуреник се должни, за времетраење на осигурувањето, да го известат осигурувачот ако ризикот е зголемен поради тоа што осигуреното лице ја променило професијата.
- тој е должен без одлагање да го извести осигурувачот за зголемувањето на ризикот, ако ризикот е зголемен со некоја негова постапка, а ако зголемувањето на ризикот се случило без негово учество тој е должен да го извести во рок од 14 дена од кога дознал за тоа.
- Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот не би склучил договор ако постоела таква состојба во моментот на неговото склучување, тој може да го раскине договорот.
- Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот би склучил договор само со поголема премија да постоела таква состојба во моментот на склучувањето на договорот, тој може на договарачот на осигурувањето да му предложи нова стапка на премијата.
- Ако договарачот на осигурувањето не се согласи со нова стапка на премијата во рок од 14 дена од приемот на предлогот на новата стапка, договорот престанува според законот.
-Договорот останува во сила и осигурувачот повеќе не може да ги користи овластувањата да му предложи на договарачот на осигурувањето нова стапка на премијата или да го раскине договорот, ако не ги искористи тие овластувања во рок од еден месец од кога на кој и да е начин дознал за зголемувањето на ризикот, или ако уште пред истекот на тој рок покаже на некој начин дека се согласува со продолжувањето на договорот (ако ја прими премијата, исплати надомест за осигуран случај што настанал по тоа зголемување и слично).
-Ако осигуреният случај настане пред да биде известен осигурувачот за зголемувањето на ризикот или откако е известен за зголемувањето на ризикот, но пред да го раскине договорот, или да постигне спогодба со договорувачот на осигурувањето за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер меѓу платените премии и премиите што би требало да се платат според зголемениот ризик.

Член 10

РАСПОЛАГАЊА СО ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) На договорувачот му припаѓаат сите права што произлегуваат од склученият договор за осигурување, сè додека не настапи осигуреният случај.

(2) Сите изјави и барања на договорувачот се обврзувачки за осигурувачот доколку се дадени во писмена форма или на образец на осигурувачот, и се примени од страна на осигурувачот пред да настапи осигуреният случај.

(3) Доколку корисникот умре пред да настапи осигуреният случај, осигурената сума не им припаѓа на неговите наследници, туку на следниот корисник, а ако тој не е одреден, тогаш на имотот на договорувачот.

(4) Своето право на осигурената сума корисникот може да го пренесе на друго лице и пред настапувањето на осигуреният случај, но за тоа му е потребна писмена согласност на договорувачот на осигурувањето во која мора да биде наведено името и презимето на лицето на кое правото се пренесува. Ако осигурувањето живот се однесува на животот на некое друго лице, тогаш е потребна иста таква согласност и од тоа лице.

Член 11

КОРИСНИК

(1) Договорувачот го одредува корисникот во полисата.

(2) Корисникот не мора да биде одреден по име, туку е доволно во полисата да се наведени нужните податоци за неговото одредување.

(3) Кога за корисници се одредени децата или потомците, користа им припаѓа и на оние кои се родени подоцна, а користа наменета на сопружникот му припаѓа на лицето кое било во брак со осигуреникот во моментот на неговата смрт.

(4) Ако осигурувањето се однесува на животот на друго лице, за одредување на корисник потребна е и негова писмена согласност.

(5) Договорувачот може и со некој подоцнежен правен акт, вклучително и тестамент, да именува лице на кое му припаѓа правото од договорот.

(6) Право на исплата на осигурената сума има само корисникот и тоа од самото склучување на договорот, без разлика на тоа како и на кој начин е одреден за корисник.

Член 12

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА СПОРЕД ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

[1] Лицето, кое бара исплата според Договорот за осигурување на живот, кога со Договорот ќе настане предвиденият осигурен случај, мора за тоа веднаш писмено со пријава да го извести осигурувачот и што е можно побрзо на свој трошок да ги набави и да ги поднесе следните документи:
- Оригинал полиса;
- извод од матичната книга на умрените;
- Копија од лична карта за корисникот, копија од трансакциска сметка;
- Лична карта на осигуреникот (починатиот);
- потврда за смрт;
- отпусна листа;
- правосилно решение за наследување, ако како корисници со полисата се одредени законски наследници;
- доказ за сродството, ако корисникот не е одреден со именување;
- осигурувачот може да бара и дополнителни докази кои се потребни за утврдување на правото на исплата

[2] Осигурувачот со посебен акт ја утврдува потребната документација за пријава на штета.

[3]Ако не е поинаку одредено, осигурувачот мора својата обврска да ја исполни во рок од 14 дена од денот кога ги добил сите докази за постоењето на осигурен случај и истовремено е позната висината на обврските на осигурувачот.

[4]Ако сумата на осигурување е договорена во друга валута, исплатата се врши во денари, при што противвредноста се пресметува на денот на исплата по средниот курс на НБРМ.

Член 13

ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Дополнително осигурување може да се приклучи кон основното осигурување, кое е регулирано со посебни услови за дополнително осигурување или со посебни одредби на полисата за осигурување.

(2) За дополнителното осигурување се применуваат следните ограничувања:

- Дополнителното осигурување престанува да важи во моментот кога престанува основното осигурување или може да престане и пред истекот на основното осигурување под условите кои се дефинирани со конкретното дополнително осигурување;
- Премијата за основното осигурување и за дополнителното осигурување е неделива. За плаќање на премијата и последиците од неплаќањето на премија за дополнителното осигурување се применуваат одредбите од овие општи услови.

Член 14

УСЛУГИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) Договорувачот мора за сите услуги кои ги бара посебно од осигурувачот, како што се промена на осигурувањето, издавање на дупликат од полиса, заложување на осигурителната полиса и друго, да плати однапред според ценовникот кој важи при секоја промена.

(2) Договорувачот е должен да го пријави кај осигурувачот исчезнувањето на полисата веднаш откако дознал дека таа исчезнала и да го објави нејзиното исчезнување во Службен весник на Република Северна Македонија.

(3) Осигурувачот ја заменува изгубената полиса во рок од 15 дена од денот на објавувањето на исчезната полиса во Службен весник на Република Северна Македонија, односно од денот на правосилноста на судското решение.

Член 15

ЗАСТАРЕНОСТ

Побарувањата од договорот за осигурување застаруваат во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 16

ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

(1) Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци:

Назив: Триглав Осигурување Живот АД, Скопје

Седиште: Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје

е-адреса: info@triglavzivot.mk

(2) Офицер за заштита на лични податоци: oficer.lp@triglavzivot.mk

* Дополнителни информации за офицерот за заштита на лични податоци може да најдете на интернет-страницата на Друштвото.

Член 17

ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на осигуреници, договорувачи на осигурување, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, а Триглав Осигурување Живот АД, Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 18

ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување и исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Законот за облигациони односи и одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 19

ЦЕЛИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

(1) Личните податоци (телефонски број и електронска адреса - e-mail), Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува со цел остварување контакт заради ефикасно остварување на права и обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување. Овие податоци за цели доставување на рекламни материјали, промоции, понуди како и за други цели на директен маркетинг од страна на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија, ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност.

(2) Со цел водење на постапка за прием во осигурување, склучување на договори за осигурување, како и извршување на права и обврски преземени со склучување на договор за осигурување, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје обработува копии од документи во кои се содржани лични податоци.

(3) Личните податоци од став 1 и став 2 на овој член Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на податоците од став 2 на овој член може да има за последица одбивање во прием на осигурување, несоодветно проценување или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање.

(4) Согласноста за обработка на личните податоци од ставот 3 на овој член може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglavzivot.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на личните податоци Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици на несоодветно проценување на степенот на оштета или неисплаќање на оштетно барање.

Член 20

РОКОВИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

[1] Личните податоци, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос, односно 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.

[2] По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

Член 21

ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

[1] Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: oficer.lp@triglavzivot.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите прашања поврзани со обработката на личните податоци.

[2] Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите наведени во член 19, од страна на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

Член 22

ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје е дел од Групацијата Триглав. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Заваровалница Триглав каде што личните податоци се обработуваат само за цели на чување. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, во рамките на Групацијата Триглав се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронската адреса: oficer.lp@triglavzivot.mk.

Член 23

ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛИ НА ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ

(1) Личните податоци за цели на директен маркетинг, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само врз основа на изречна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши Триглав Осигурување Живот АД, Скопје или поврзаните друштва од рамките на Групација Триглав во Република Северна Македонија за своите услуги и услугите на поврзаните друштва од рамките на Групација Триглав во Република Северна Македонија.

(2) Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: oficer.lp@triglavzivot.mk, или по пошта до Триглав Осигурување Живот АД Скопје, Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје, со назнака „Офицер за заштита на личниподатоци“).

Член 24

ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ

(1) Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:

1) Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;

2) Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;

3) Организација за заштита на потрошувачи, и

4) Агенција за супервизија на осигурување.

(2) Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.

(3) Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставки.

Член 25

ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

(1) Страните се согласни дека сите спорови што ќе произлезат од Договорот за осигурување, ќе се обидат да ги решаваат вонсудски на мирен начин.

(2) Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ќе го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување живот.

(3) Приговорите од став 2 на овој член осигурувачот ќе ги проследи до Комисија за решавање на претставки на друштвото, која е должна во однос на истите да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.

(4) Во случаите кога договорувачот, осигуреникот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од Договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот-Агенција за супервизија на осигурување. Исто така, овие лица можат до Агенцијата за супервизија на осигурување да поднесат приговор, односно жалба во писмена форма против целокупното работење на Друштвото за осигурување.

Член 26

ОТКУП НА ОСИГУРУВАЊЕТО, АВАНС, МИРУВАЊЕ,УЧЕСТВО ВО ДОБИВКА

[1] Откуп на осигурувањето, аванс и мирување на осигурувањето не се можни. Осигурувањето на живот во случај на смрт на осигуреникот е без учество во добивка.

Член 27

НАДЗОР НАД ДРУШТВОТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

[1] Надзорно тело надлежно за надзор на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 28

ИЗЈАВА ЗА ИНФОРМИРАНОСТ

[1] Договорувачот на осигурувањето/осигуреникот со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучувањето на Договорот за осигурување од страна на осигурувачот писмено се известени за сите податоци согласно членовите 49 и 50 од Законот за супервизија во осигурувањето и дека пред склучувањето на осигурувањето им е оставено разумно време за донесување на конечна одлука за склучување на Договорот за осигурување. Согласно ова, договорувачот/осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени и за правото за поднесување на жалба.

Член 29

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

[1] Во случај на судски спор, надлежен е стварно и месно надлежниот суд на Република Северна Македонија, во седиштето на осигурувачот.

[2] За односите меѓу осигурувачот и договорувачот кои не се уредени со овие Општи услови се применуваат законските одредби.

[3] Осигурувачот ќе го известува договорувачот за сите промени во согласност со законските прописи. [4] Договорувачот е должен без одлагање да го извести осигурувачот за секоја промена на своето име или презиме, односно назив на фирмата, доколку договорувачот е правно лице, како и за адресата на фактичкото живеалиште, односно седиште на фирмата, доколку договорувачот е правно лице.

Член 30

ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

[1] Овие Општи услови влегуваат во сила 01.06.2026 од кога и се применуваат.